Архивски број:0203-2651/1
Датум:22.11.2023

Врз основа на член 9 и членовите 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26 од Законот за заштита на личните податоци, ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје застапувано од Тихомир Петрески, претседател на Управниот одбор и Маријан Николовски, член на Управниот одбор на ден 22.11.2023 година донесе:

# ПРОЦЕДУРА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ ЧИИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ГИ ОБРАБОТУВА ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ, ЗА ОБРАБОТКАТА НА НИВНИТЕ ПОДАТОЦИ И ЗА НИВНИТЕ ПРАВА

## 1. Вовед

ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје, врши обработка на личните податоци на субјектите на лични податоци (вработените, членовите на Надзорен/Управен одбор, агентите и кандидатите за полагање на испит за агенти, членовите од втор столб, членовите со доброволна индивидуална сметка, корисниците на семејна и инвалидска пензија, лица кои побарале наследство од сметка на починат член, членовите кои дале согласност за директен маркетинг и лицата кои го контактирале Друштвото преку Центарот за поддршка), во согласност со Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП), применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност при обработка на личните податоци кои се подетално пропишани со интерните акти.

Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје кое во својство на контролор на личните податоци, ги води совесно, законито и согласно со целта за која се собрани.

ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје ги води следните збирки на лични податоци:

1. Збирка на вработени со следни под збирки:
   Евиденција на работно време и евиденција на плати
   Евиденција на членови на Надзорен/Управен одбор
2. Збирка на агенти
3. Збирка на кандидати за полагање испит за агенти
4. Збирка на членови од втор столб
5. Збирка на членови со доброволна индивидуална сметка
6. Збирка на членови кои дале согласност за директен маркетинг
7. Збирка на корисници на семејна пензија
8. Збирка на корисници на инвалидска пензија
9. Збирка на лица кои побарале наследство од сметка на починат член
10. Аудио збирка во Центар за поддршка
11. Збирка на потенцијални членови

## 2. Дефиниции

Оваа Процедура, се заснова на термините што ги користи ЗЗЛП, па за полесно разбирање на термините опфатени со неа, ги претставуваме најважните дефиниции.

„**Личен податок**" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

**„Обработка на личните податоци"** е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

**„Збирка на лични податоци"** е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа;

**„Контролор"** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување.

**„Обработувач"** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот.

**„Субјект на личните податоци„** е идентификувано или физичко лице кое може да се идентификува, чии лични податоци ги обработува контролорот одговорен за обработка на личните податоци.

**„Согласност"** на субјектот е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјава на волја, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци.

**„Корисник"** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка.

**„Посебни категории на лични податоци"** се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се

однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице.

## 3. Транспарентност

ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје презема соодветни мерки за да ги информира субјектите на лични податоци (вработените, членовите на Надзорен/Управен одбор, агентите и кандидатите за полагање на испит за агенти, членовите од втор столб, членовите со доброволна индивидуална сметка, корисниците на семејна и инвалидска пензија, лица кои побарале наследство од сметка на починат член, членовите кои дале согласност за директен маркетинг и лицата кои го контактирале Друштвото преку Центарот за поддршка), за обработката на нивните лични податоци и за да го олесни остварувањето на нивните права, преку изработка на:

- соодветни информации кои се напишани на разбирлив начин и на јасен едноставен јазик, во лесно достапна форма и
- соодветни обрасци на барања за остварување на правата на субјектите.

На субјектите чии лични податоци ги обработува (вработените, членовите на Надзорен/Управен одбор, агентите и кандидатите за полагање на испит за агенти, членовите од втор столб, членовите со доброволна индивидуална сметка, корисниците на семејна и инвалидска пензија, лица кои побарале наследство од сметка на починат член, членовите кои дале согласност за директен маркетинг и лицата кои го контактирале Друштвото преку Центарот за поддршка), им ги обезбедува следните информации:

- идентитет и контакт податоците на контролорот;
- контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци;
- целите на обработката за кои што личните податоци се наменети, како и правната основа за обработката;
- легитимните интереси што ги спроведува ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје или трето лице;
- корисниците или категориите на корисници на личните податоци, доколку ги има;
- фактот дека ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје има намера да пренесе лични податоци во трета земја (ако е применливо)

ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје, на субјектите на лични податоци им ги дава и следните дополнителни информации кои се неопходни за обезбедување на правична и транспарентна обработка:

- временски период на чување на личните податоци, а ако тоа е невозможно, критериумите што се користат за одредување на тој период;
- постоење на право да се бара пристап, исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци кои се однесуваат на субјектот на личните податоци, право на преносливост на податоците и право на приговор;
- постоење на право за повлекување на согласноста во секое време, кога обработката на личните податоци се врши врз основа на согласност;
- право на поднесување барање до Агенцијата за заштита на личните податоци;
- информација дали давањето на личните податоци е законска обврска, како и дали субјектот на личните податоци има обврска да ги даде личните податоци и можните последици ако овие податоци не бидат дадени;
- постоењето на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето.

## 4. Одговорности

Одговорностите за постапување по барањата за остварување на правата на субјектите на лични податоци, се како што следат:

- Прием на барање за остварување на правата од субјектите на лични податоци – на електронската адреса info@triglavpenzisko.mk, на адреса на седиштето на ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО, бул.„8 Септември“ бр.18, кат 2, 1000 Скопје, со назнака за ОЗЛП.

- Во двата случаи, барањето веднаш се доставува до ОЗЛП на електронска адреса kristina.veljanova@triglavpenzisko.mk

- ОЗЛП го доставува барањето до надлежните вработени – сопственици на збирката на која се однесува барањето.

- ОЗЛП дава насоки на вработените – сопственици на збирката на која се однесува барањето:
    - за проверка на процесите на обработка на лични податоци за конкретниот субјект во рамките на нивниот делокруг за работа и
    - за доставување на резултатите од проверката до ОЗЛП за да одговори на барањето.
- Одговор по барањето – ОЗЛП е овластен да достави одговор до субјектот на лични податоци, откако истиот ќе биде одобрен од Управниот одбор.

## 5. Постапување по барање

**Чекор 1:**
Барањето за остварување на правата на субјектите на лични податоци се поднесува во писмена или електронска форма на обрасци кои се прилог кон оваа процедура.

Како барање за остварување на правата на субјектите на лични податоци се смета и писмено и електронски поднесено барање за остварување на правата од ЗЗЛП, чија содржина е различна од обрасците, доколку ги содржи основните елементи за постапување по барање.

Барањата во електронска форма се доставуваат на следната електронска адреса: info@triglavpenzisko.mk, а барањата во писмена форма се доставуваат на адреса на седиштето бул.„8 Септември“ бр.18, кат 2 1000 Скопје, со назнака за ОЗЛП - со назнака за ОЗЛП.

**Чекор 2:**
По прием на барањето доставено во писмена форма, задолжениот вработен за прием на пошта (во електронска или во хартиена форма) веднаш го проследува до ОЗЛП за да постапи по истото.

Во случаи кога по прием на барање во писмена или електронска форма, ОЗЛП има основано сомневање во врска со идентитетот на физичкото лице што го поднесува барањето, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на барањето, бара од подносителот на барањето дополнителни податоци заради потврдување на неговиот идентитет.

**Чекор 3:**
Во зависност од барањето, ОЗЛП доставува - барање за одговори до надлежните вработени – сопственици на збирките на кои се однесува барањето.

**Чекор 4:**
По прием на одговорите, а во зависност од барањето, ОЗЛП подготвува соодветно известување до субјектот на лични податоци и го доставува на одобрување до Управниот одбор. По одобрување на известувањето, истото се проследува до подносителот на барањето во писмена или електронска форма.

**Составен дел на оваа Процедура се:**

1. Информација за обработка на личните податоци на вработените и членовите на Надзорен/Управен одбор
   Доставена до вработените во хартиена или електронска форма,

2. Информацијата за обработка на личните податоци на агентите и кандидатите за полагање на испит за агенти
   Објавена на веб страницата на ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје,

3. Информација за обработката на личните податоци на членовите од втор столб, членовите со доброволна индивидуална сметка, корисниците на семејна и инвалидска пензија, лицата кои побарале наследство од сметка на починат член и потенцијалните членови
   Објавена е на веб страницата на ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје,

4. Информацијата за обработка на личните податоци на членовите кои дале согласност за директен маркетинг и лицата кои контактираат со Друштвото преку Центарот за поддршка
   Објавена е на веб страницата на ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје,

5. Обрасци на барањата за остварување на правата на субјектите на лични податоци, кои се:
   - поставени на посебен линк на веб страницата на ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје,
   - достапни и во хартиена форма во деловните простории на ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје.

ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

Тихомир Петрески

Претседател на Управен одбор

Tihomir Petreski
Digitally signed by Tihomir Petreski
Date: 2023.11.23 11:03:01 +01'00'

Маријан Николовски

Член на Управен одбор

MARIJAN NIKOLOVSKI
Digitally signed by MARIJAN NIKOLOVSKI
Date: 2023.11.23 09:41:48 +01'00'